20130882082

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 мај 2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 164/2008, 22/2009, 33/2010, 92/2010, 96/2010, 108/2010, 122/2010, 147/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 153/2011, 155/2011, 164/2011, 181/2011, 54/2012, 84/2012, 18/2013 и 54/2013), во член 2, во делот биохемиски анализи кај хормоналниот статус (БА11), по услугата БА11/30 се додаваат следните услуги:

Шифра	Назив на услуга	Референтна цена
БА11/31	Хормон за раст (STH)	550
БА11/32	SHBG (sex hormone binding globulin)	550

Во делот на рендгенско испитување на млечна жлезда (Мамографија), после услугата со шифра РД0103 се додава следната услуга:

Шифра	Назив на услуга	Референтна цена
РД0104	Галактографија	2.100

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр.02-6210/6
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.